## Корисни информации за употребата, улогата и значењето на листите за проверка

Обврската за доставување на листите за проверка произлегува од членот 70 од Законот, според кој листа за проверка е документ кој содржи прашања за проверка и други дејствија за кои е овластена инспекциската служба, утврдени според тежината на можните штетни последици во одредена област во согласност со предметот и обемот на контролата односно проверката. Инспекциската служба донесува листи за проверка за соодветните области на надлежност, кои се објавуваат на веб страницата на инспекциската служба. Прашањата за проверка и другите дејствија наведени во листата за проверка се задолжителни при редовен инспекциски надзор. Инспекциската служба врши ажурирање на листата за проверка најмалку еднаш годишно, а по потреба и повеќе.

## Што е и кој ја креира листата за проверка?

Листа за проверка е документ кој содржи прашања за проверка и други дејствија за кои е овластена инспекциската служба, утврдени според тежината на можните штетни последици во одредена област во согласност со предметот и обемот на контролата односно проверката.

Листата за проверка е стандардизирана алатка за организација, планирање и спроведување на ефективен и ефикасен инспекциски надзор, која обезбедува транспарентност во постапката за инспекциски надзор.

Листата за проверка, односно прашањата за проверка и другите дејствија наведени во неа задолжително се користат при редовен инспекциски надзор.

Листата за проверка има и едукативна цел, односно на субјектот на надзор му се посочуваат конкретните законски обврски и барања за усогласеност кои со инспекцискиот надзор се опфаќаат и влијае врз зголемување на информираноста и свесноста кај субјектите на надзор и нивното доброволно усогласување.

Секоја инспекциска служба креира листа за проверка за законот, односно прописот по кој е надлежна да постапува.

## За што се креира листа за проверка?

Во една листа за проверка се внесуваат обврските на субјектите на надзор кои се утврдени во еден закон и сите подзаконски акти кои произлегуваат од тој закон, вклучително и колективните договори. Ако за истата предметна материја има и друг закон за секој од нив се креира посебна листа за проверка.

## Што се внесува во листата на проверка?

Секоја листа за проверка се состои од следните два дела:

- воведен дел со општи податоци за надзорот, и
- листа со конкретни обврски и барања за усогласеност за субјектот на надзор кои произлегуваат од прописот за кој се изработува листата за проверка.

## Кога и како се користи листата за проверка?

При вршење на редовен инспекциски надзор, инспекторот е должен да му достави на субјектот на надзор писмено известување за предметот и времетраењето на редовниот инспекциски надзор, придружено со листа за проверка, најдоцна три работни дена пред отпочнување на вршењето на инспекцискиот надзор.

Не постои законска обврска за субјектот на надзор да ја пополни доставената листата за проверка.

## Каде се објавува и кога се ажурира постоечка листа на проверка?

Инспекциската служба која ја изработила и донела листата за проверка ја објавува на веб страницата на инспекциската служба и ја доставува и до Инспекцискиот совет заради објава на неговата веб страница и/или во информацискиот систем за управување со инспекциски надзор. Инспекциската служба врши ажурирање на објавената листа за проверка најмалку еднаш годишно, а по потреба и почесто. Еднаш објавената листа за проверка се ажурира при секоја измена и/или дополнување на законот, односно подзаконскиот акт на кој се однесува ако со истиот е:

- направена измена на обврската или прекршочната санкција или друга мерка пропишана за неисполнување на обврската од страна на субјектот на надзор или
- додадена е нова обврска за субјектот на надзор или
- целосно е избришана обврската содржана во листата за проверка.

Еднаш објавената листа за проверка се ажурира и доколку при практичната примена се утврди дека начинот на кој е формулирана обврската создава забуни меѓу инспекторите и/или субјектите на надзор или пак погрешно е наведен законскиот основ за обврската или прекршочната санкција или мерка пропишана за неисполнување на истата.

## За кого се наменети листите за проверка?

Листите за проверка имаат двојна намена, од една страна со нивната употреба се зголемува транспарентноста на инспекциските служби со тоа што преку листите тие ги информираат субјектите на надзор за конкретните законски обврски и барања за усогласеност со законската регулатива, а од друга страна се зголемува ефективноста и ефикасноста на инспекцискиот надзор, од аспект на тоа што со претходно веќе доставените листи до субјектите се скратува времето на надзор, како и времето за подготвување на записникот.